# <u>Соопштение</u>

## <u>за НОЕМВРИСКА (дополнителна) испитна сесија во учебната 2024/2025 година</u>

Се известуваат студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје дека **ноемвриската** (дополнителна) испитна сесија во учебната 2024/2025 г., ќе се одвива во периодот **<u>од 01.11.2024 г. до 08.11.2024 г.</u>**

Право за полагање имаат студентите кои уредно го имаат запишано зимскиот семестар во учебната 2024/2025 г., и уредно им е заверен летниот семестар од учебната 2023/2024 г.

Студентите во ноемвриската испитна сесија ќе може да пријават и полагаат **1 (еден) испит од летниот семестар од учебната 2023/2024 г. за кој треба да имаат електронски потпис за остварени обврски за предметот.**

**Во периодот од 22.10.2024 г. до 31.10.2024 г.** студентите треба задолжително да:

1. **Доставaт пријава за испит (хартија)** на шалтерите на Одделението за студентски прашања и уплата во износ од 1.000 денари (за полагање предмет во дополнителен термин за студентите на прв циклус, согласно Одлука од Декантската управа на Факултетот, бр.02-2105/3 од 16.09.2024 година)

2. **Електронски да го пријават испитот** преку своите профили во Iknow системот,

3. Уплатата треба да ја реализираат преку своите профили во iknow системот на следниов начин:
   – преку Модулот документи селектираат **Барање дополнителна сесија** (од 2024) со што ќе им се овозможи да ја извршат уплатата во износ од 1000,00 денари,
   - ја печатат реализарана уплата и ја доставуваат заедно со пријавата за испит (хартија) во одделението за студентски прашања.




**Термините** за практичен и теоретски дел од испитот во престојната **ноемвриска** (дополнителна) испитна сесија и **просториите** во кои ќе се одвиваат испитите ќе бидат објавени најдоцна до **22.10.2024 г.** на веб страните на институтите на Факултетот.

21.10.2024 година　　　　　　　　　　　　　　　　　　од Деканатот,